20262594616

НАРОДНА БАНКА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 39 и член 47 став 1 точка 6 од Законот за Народната банка на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 158/10, 123/12, 43/14, 153/15, 6/16 и 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 110/21, 74/24 и 16/25), Советот на Народната банка на Република Северна Македонија донесе

ОДЛУКА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА СОДРЖИНАТА И НАЧИНОТ НА ФУНКЦИОНИРАЊЕ НА КРЕДИТНИОТ РЕГИСТАР

1. Во Одлуката за содржината и начинот на функционирање на Кредитниот регистар („Службен весник на Република Македонија“ бр. 186/13, 74/15 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 146/20 и 53/24), во точката 5 по ставот 3, се додава нов став 4 којшто гласи:

„По исклучок на ставот 3 на оваа точка, „Развојна банка на Северна Македонија“ АД Скопје е должна во збирниот износ да ги достави податоците и информациите коишто се однесуваат на кредитните изложености од производите на кредитното осигурување коишто не се активирани, а кои се евидентирани во вонбилансната евиденција на Банката.“

2. Во точката 10 по ставот 4, се додава нов став 5 којшто гласи:

„Банките и штедилниците можат да пристапуваат до податоците и информациите од Кредитниот регистар за период не подолг од 10 години наназад, сметано од датумот на последните расположливи податоци во Кредитниот регистар. Податоците и информациите коишто се постари од 10 години не се достапни за пребарување од страна на банката или штедилницата.“

3. „ПРИЛОГ 3“ на Одлуката за содржината и начинот на функционирање на Кредитниот регистар се заменува со нов „ПРИЛОГ 3“.

4. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“, а ќе почне да се применува од 1 март 2027 година.

Гувернер
и претседавач на Советот
на Народната банка на
Република Северна Македонија,
д-р **Трајко Славески,** с.р.

Бр. 34579/4
29 октомври 2026 година
Скопје

ПРИЛОГ 3

НАРОДНА БАНКА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

„НБ ДОВЕРЛИВО"

Дирекција за вонтеренска супервизија и лиценцирање

Бр.

Скопје, _____година

До

Предмет: Доставување податоци

Почитуван/а,

Во врска со Вашето барање за добивање податоци од Кредитниот регистар, Ве известуваме дека во Кредитниот регистар, којшто го има воспоставено и го води Народната банка на Република Северна Македонија во согласност со член 39 од Законот за Народната банка на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 158/10, 123/12, 43/14, 153/15, 6/16 и 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 110/21, 74/24 и 16/25), се обработуваат следниве податоци за Вас:

1. Име и презиме

2. Единствен матичен број

3. Изложеност во банки/штедилници

4. Податоци пренесени во вонбилансна евиденција

5. Гарантира во ____ банки/штедилници

6. Последен датум на пријавени лични податоци:

Банките и штедилниците доставуваат податоци и информации до Народната банка за водење на Кредитниот регистар во согласност со Одлуката за содржината и начинот на функционирање на Кредитниот регистар („Службен весник на Република Македонија" бр. 186/13, 74/15, 77/15 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 146/20 и 53/24). Банките се должни, покрај останатите податоци, да достават податоци за домашните и странските банки, за нерезидентите, домашните небанкарски финансиски институции, останатите домашни нефинансиски правни лица со вкупна изложеност на кредитен ризик над 300 илјади денари, како и за домашните физички лица и трговците на мало со вкупна изложеност на кредитен ризик над 5 илјади денари.

Штедилниците задолжително доставуваат поединечни податоци за сите физички лица и трговци на мало со вкупна изложеност на кредитниот ризик над 5 илјади денари.

Народната банка ги користи податоците од Кредитниот регистар како дел од спроведувањето на својата супервизорска функција, за целите на анализата на кредитниот ризик на кој се изложени банките и штедилниците во своето работење. Банките и штедилниците ги користат податоците од Кредитниот регистар како помошно средство за оцена на кредитната способност на секој нов или постоен клиент.

Напомена/појаснување: Податоците содржани во Кредитниот регистар не можат да бидат единствена основа за донесување судска одлука или друга одлука што произведува правно дејство кон некое лице или што значително го засега тоа лице. Во случај на погрешни податоци, треба да се обратите во банката/штедилницата којашто ги доставила погрешните податоци и којашто треба да ги изврши соодветните измени, во согласност со Одлуката за содржината и начинот на функционирање на Кредитниот регистар.

Податоците за продадените кредитни побарувања од физичките лица од страна на банките не се прикажуваат во овој извештај.

Пренесувањето на кредитните изложености во вонбилансна евиденција не го ослободува должникот од обврската за намирување на долгот кон банката/штедилницата.

Изготвил: Директор: